# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
# INSTENON®/ ИНСТЕНОН обложени таблети

*(etofylline, etamivan, hexobendine dihydrochloride)*

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Инстенон и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Инстенон
3. Како да се употребува Инстенон
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Инстенон
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ИНСТЕНОН И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Инстенон е комбинација од три лека – хексобендин, етамиван и етофилин, кои меѓусебно ја надополнуваат ефикасноста.
Инстенон се употребува за иницијална терапија на: цереброваскуларна инсуфициенција, заболувања на постара возраст, последици од неадекватна церебрална циркулација, постапоплектични состојби и вртоглавици предизвикани од церебрална дисфункција.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ИНСТЕНОН

**Немојте да употребувате Инстенон ако:**
- сте имале или ако имате акутни состојби на вознемиреност и конвулзии;
- сте имале или ако имате епилепсија;
- сте имале или ако имате компресија на мозокот и симптоми на зголемен интракранијален притисок;
- сте имале или ако имате масивна церебрална хеморагија;
- сте бремена или ако доите.

**Бидете особено претпазливи со Инстенон ако:**
- неодамна сте имале мозочен удар;
- имате стеноза на каротидната артерија.

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*
Особено е важно ако истовремено земате:
- ацетилсалицилна киселина;
- високи дози кофеин – треба да се избегнуваат (кафе, чај);
- МАО-инхибитори.

**Земање Инстенон со храна и со пијалак**
Инстенон е најдобро да се зема за време на или по оброк.
Избегнувајте истовремена употреба на големи количества кафе и чај.

**Бременост и доење**
*Побарајте совет од Вашиот доктор или од фармацевт пред земање каков било лек.*
Не постојат податоци за примена на лекот во текот на бременоста и на доењето.

**Возење и ракување со машини**
Не постојат податоци за влијанието на лекот врз способноста за возење и за ракување со машини.

**Важна информација помошните состојки на лекот**
Инстенон обложени таблети содржат **лактоза монохидрат и сахароза.**
Ако Вашиот доктор Ви кажал дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек консултирајте се со него.
Инстенон обложени таблети содржи боја жолтопортокалова (E110) кои може да предизвика алергиски реакции.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ИНСТЕНОН

*Секогаш земајте Инстенон точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни за нешто, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.*

Препорачани дози на Инстенон се: 1–2 обложени таблети, 3 пати на ден.
Лекувањето се продолжува во тек на најмалку 6 недели.

**Ако сте зеле поголема доза Инстенон отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза отколку што треба, побарајте совет од Вашиот доктор или од фармацевт.
Симптоми кои може да се очекуваат при предозирање се тахикардија, главоболка и црвенило на лицето.

**Ако сте заборавиле да употребите Инстенон**
Ако сте заборавиле да го земете лекот, земете ја следната доза што поскоро и продолжете како што Ви е препишано. Доколку се ближи времето за следната доза, земете ја само неа. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови и Инстенон може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

Најчести несакани дејства се дразби на кивање, ларингоспазма, задишеност, чешање (пруритус), немир, мускулни грчеви, генерализиран пруритус и црвенило на екстремитетите.
Несаканите дејства зависат од дозата.
Сите овие се слаби несакани дејства на лекот Инстенон.

*Ако кој било несакан ефект станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА ИНСТЕНОН

Лекот чувајте го на места недостапни за децата!
Лекот не бара посебни услови за чување.
Не го употребувајте лекот Инстенон по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Инстенон**

*Активна супстанција*
Една обложена таблета содржи:
- етофилин – 60 mg;
- етамиван – 50 mg;
- хексобендин дихидрохлорид – 20 mg.

*Помошни состојки*
*Таблетно јадро:*
- лактоза монохидрат;
- пченкарен скроб;
- талк;
- магнезиум стеарат.

*Шеќерна обвивка:*
- сахароза;
- титан диоксид (E171);
- повидон;

- полиетилен гликол 6000;
- акација;
- талк;
- боја еритрозин (E127), CI 45430, 36–42 %;
- боја жолтопортокалова (E110), CI 15985, 20–24 %;
- опаглос 6000.

**Изглед на лекот Инстенон и содржина на пакувањето**
Обложените таблети Инстенон се црвени, тркалезни, сјајни, биконвексни, обложени таблети.

Обложените таблети Инстенон се спакувани во блистер пакување (AL/PVC фолија). Секој блистер содржи 15 таблети.
Картонската кутија содржи 30 таблети (2 блистера) и упатство за пациентот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само со лекарски рецепт **(Р)**.

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk
По лиценца на Nycomed Austria GmbH – Австрија

**Датум на последната ревизија на упатството**